**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**Бр. 02-129/2**
**Скопје, 18.11.2024 година**

Записник од шеста седница на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија одржана на 18.11.2024 година

Присутни:
г-ѓа Душица Димитриеска -Претседател на Советот
г-дин м-р Башким Бесими –Заменик претседател
г-ѓа Јелена Догазанска Колева член
г-ѓа Светлана Жупаноска член
г-ѓа Марјана Илиеска член
г- дин Ермон Незири член
г-ѓа м-р Кети Петкова член
г-ѓа Зорица Павловиќ член

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, г-ѓа Душица Димириеска ја отвори шестата седница на Советот. Констатираше дека на седницата се присутни мнозинството членови на Советот, со што се исполнети условите за одржување на седница на Советот.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитиеска ја отвори шесттата седница на Советот и воедно го предложи дневниот ред за оваа седница.

**Дневен ред**

1. Разгледување и одлучување по жалбата СОЖ бр.2/24 на Вишиот јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство Скопје г-дин Мустафа Хајрулахи.
2. Разно.

Вака предложениот дневен ред едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Под точката еден од дневниот ред, претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека до Советот се доставено списите на кривичниот предмет како и поднесената жалба од страна на јавниот обвинител Мустафа Хајрулахи. Кажа дека сите списи од предметите биле доставени до членовите на Советот на разгледување и запознавање. Воедно предложи согласно чл.10-а ст.2 од Законот за Советот на јавните обвинители, јавноста биде искучена од присуство на

седницата поради угледот и интегритетот на јавниот обвинител и предлогот го стави на гласање. Едногласно истиот беше усвоен од страна на членовита на Советот, по што јавноста ја напушти седницата.

Откако јавноста ја напушти седницата, претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска накратко ги запозна членовите на Советот со содржината на поднесената жалба од страна на вишиот јавен обвинител Мустафа Хајрулахи, како и со содржината на дополнително достевените докази во поткрепа на жалбените наводи и тоа рачно потпишани изјави од вработените во во ВЈО Скопје, како и принт скрин од смс пораки помеѓу техничкиот секретар во ВЈО Скопје и вработени во ВЈО Скопје, како и со содржината на предметот на ЈОРСМ ДОВ бр.49/24 и РО бр.384/24 и КО бр.425/24 на ОЈО Штип. Истакна дека ВЈО на ВЈО Скопје со одлука на јавниот обвинител на РСМ е оддалечен од вршењето на функцијата ВЈО на ВЈО Скопје сметано од 11.11.2024 година за време додека трае кривичната постапка, и дека се Решение ОЈО Штип е определено како стварно и месно надлежно да постапува по кривичната пријава против ВЈО Мустафа Хајрулахи, Виши јавен обвинител на ВЈО Скопје, од предметот на ОЈО Штип се констатира дека е донесена наредба за спроведување на истражна постапка против пријавениот за кривично дело малтретирање во вршење на службата од чл. 143 вв чл.45 од КЗ како и дека во текот на истражните дејствија се добиле податоци и сознанија од кои произлегло основано сомнение дека пријавениот Мустафа Хајрулахи сторил и кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 ст.1 вв чл.45 од КЗ

Откако претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска ги запозна членовите на Советот со предметот и списите отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема г-ѓа Кети Петкова која кажа дека по увидот во жалбата на одлуката што е предмет на постапката и од извршениот увид во самиот предмет произлезе следното. Од формален аспект има една ситуацја во која законодавецот предвидува дека е неспорно кога е поведена кривична постапка против јавен обвинител или пак дисциплинска постапка, дека има можност истиот да се суспендира. Кажа дека од правен аспект Советот кој што ја обезбедува и гарантира самостојноста на јавните обвинители во извршувањето на нивната функција, како второстепен орган секогаш бил должен да ја согледува и анализира законитоста на дејствијата кои претходеле на донесувањето на одлуката која што е сега предмет на жалба, односно одлуката која претходела на оваа постапка. Истакна дека лично за нејзе начинот на кој што постапил јавниот обвинител е директна суспензија на законот за Јавното обвинителство и воедно ги наведе и причините за тоа. Кажа дека Законот за јавното обвинителство има многу членови кои се посветени на тоа што е во надлежност на јавниот обвинител, а што не е, дека децидно се наведени дисциплинските повреди и определена е поточно разработена е дисциплинската постапка, како се постапува со јавен обвинител кој ќе направи некоја тешка повреда. Кажа дека во дисциплинските повреди во чл.91 за тешка дисциплинска мерка се смета потешка повреда на јавниот ред и мир и други посериозни форми на недолично однесување со која се нарушува угледот на јавното обвинителство и неговиот углед, но има и алинеа во која што е предвидено дека ско без оправдани причини не ги земе во работа

предметите по редоследот како што се примени преку информатичкиот систем со предмети на јавното обвинителство. Кажа дека тука е битно причината да биде оправдана, а дали причината е оправдана или не треба јавниот обвинител во законита постапка тоа да го утврди, а притоа да се има во предвид дека не станува збор за ВЈО Битола, Гостивар или Штип каде што има мала бројка на предмети, туку стану збор за ВЈО Скопје едно од најголемите јавни обвинителства во РСМ. Истакна дека половина од јавните обвинители од ова јавно обвинителство претходно биле јавни обвинители во СЈО или пак во ОЈО ГОКК-Скопје, и кои уште од некакви причини ги застапуваат предметите од СЈО. Поради ваквата пракса кажа дека Вишиот јавен обвинител на ВЈО Скопје во овој случај морал да менаџира со доделување на предмети на определени јавни обвинители, бидејќи морал да запази некаков редослед согласно степенот во кој се наоѓал предметот. Смета дека тогаш Јавниот обвинител на РСМ требал да поведе дисциплинска постапка доколку сметал дека или увидел дека има пропуст. Доколку не го увидел тогаш тоа, тоа е минус на Јавниот обвинител на РСМ. Кажа дека во конкретниот случај станива збор за ставање на мала врата нешто што е пропуштено од страна на Јавниот обвинител, а сега сака да го суспендира вишиот јавен обвинител со тоа што се искористува кривичната пријава за која што се имало сознанија уште во месец јули, дека од страна на вработени за наводен мобинг, така што сето тоа е изменаџирано со денот на донесувањето на решението и во исто време се поведува и кривичната постапка. Смета дека доколку оваа постапка би била законита како што го подразбира Законот за јавното обвинителство лично смета дека тогаш Јавниот обвинител би бил во право и дека не би навлегувала во настаните кои претходеле на оваа одлука. Меѓутоа начинот на поведувањето на постапката, тајмингот на поведувањето на постапката, распоредувањето на ОЈО Штип да постапува по оваа постапка и тоа со таква брзина, кажа лично смета дека се поткрепуваат основите дадени во жалбата на вишиот јавен обвинител дека е тенденциозна и дека е намерна. Кажа дека во историјата на македонската јавнообвинителска фела се памтат разрешувањето на многу јавни обвинители, каде биле потврдени од страна на Советот определените суспензии додека се води постапката но тоа секогаш било во една дисциплинска постапка, бидејќи се знаеле правилата како се постапува и води дисциплинска постапка., а со овој начин смета дека на мала врата сака да се тргне вишиот јавен обвинител во вршењето на неговата функција и зад таа врата во кривината пријава се задскрива други елементи на злоупотреба за кој смета дека недопустливо е да ги води јавен обвинител од ОЈО Штип и дека тие елементи требал да ги отврди Јавниот обвинител на РСМ. Од тие причини смета дека не се работи за тешка дисциплинска повреда која што ја констатирал Јавниот овинител на РСМ, тука станува збор за сосема нешто друго. Кажа за кривична пријава и дело кое се води за малтретирање на службата од оштетени и каде ќе се докаже дали имало елементи или немало, со таква кривична пријава од оштетени и со таква брзина на постапување и се потврдува заклучокот дека ова е тенденциозно и монтирано и е во насока на загрозување на самостојноста на сите јавни обвинители во РСМ.

Заменик претседателот г-дин Башким Бесими кажа дека во врска со жалбата на вишиот јавен обвинител на ВЈО Скопје,а по одлуката за оддалечување на вршење на функцијата јавен обвинител од 11.11.2024 година, за времето додека треа кривичната постапка која се води против јавниот обвинител во ОЈО Штип под КО бр.452/24 за кривично дело малтретирање во вршење на служба од чл.143 вв чл.45 од КЗ, и за кривично дело злоупотреба на службена положба и овластување од чл.353 ст.1 вв чл. 45 од КЗ а врз основа на чл. 81 ст. 2 и ст.3 од Законот за јавното обвинителство, кажа дека во одредбата од чл.81 ст. 2 и ст.3 од Законот за јавното обвинителство е предвидено кога може јавниот обвинител на РСМ да донесе таква одлука. Истакна дека во конкретниот случај употребата на чл. 81 од Законот за јавното обвинителство е предвидено оддалечување на јавен обвинител од вршење на јавнообвинителската функција за време додека трае кривичната постапка против него или кога е поведена дисциплинска постапка. Нагласи дека од увидот во списите од страна на членови на Советот и лично од негова страна даде свое лично видување на конкретна правна работа. Истакна дека со самиот факт дека е отворена истрага од страна на јавниот обвинител на РСМ, кој го работи предметот поради непопречување на истрагата е со мислење што побрзо да се сработи предметот и да се донесе јавнообвинителска одлука. Исто така кажа и дека истрагата е оформена по чл. 143 за малтретирање на при вршење на служба што е произлезено од кривична пријава каде обработувачот на предметот има сомнение дека е сторено и кривично дело по чл.353 ст. 1 вв чл. 45 од КЗ Злоупотреба на службена положба и овластување. Посебно нагласи дека поради непопречување на истрагата ќе ја подржи одлуакта на Јавниот обвинител на РСМ. Исто така нагласи дека како член на Совето ќе го следи овој правен настан, а се со цел да се донесе правилна и законита одлука од страна на јавен обвинител кој ќе го работи овој предмет. Во врска со кривичното дело за Злоупотреба на службена положба и овластување нагласи дека конкретниот јавен обвинител кој го работи овој предмет доколку смета дека има сомнение дека вишиот јавен обвинител е сторител на такво дело, повторно нагласи дека поради непопречување на истрагата ќе ја подржи одлуката на јавниот обвинител на РСМ, За крај потенцираше дека одлуката на јавниот обвинител на РСМ е избрзана, но пак наведе дека поради непопречување на истрагата ќе ја подржи одлуката на јавниот обвинител на РСМ.

Г-ѓа Зорица Павловиќ кажа дека и она ќе ја прифати одлуката на Јавниот обвинител на РСМ додека трае кривичната постапка бидејќи е во согласност со чл.81 ст. 2 од Законот за јавното обвинителство. Од друга страна пак одлуката на Јавниот обвинител на РСМ содржи доволно образложени причини поради кои се одалечува од вршењето на функцијата јавен обвинител вишиот јавен обвинител додека трае кривичната постапка така што смета дека се неосновани жалбените наводи кој ги има истакнато вишиот јавен обвинител во неговата жалба дека одлуката не содржи образложение за причините за оддалечување од функцијата јавен обвинител.

Г-ѓа Јелена Догазанска Колева исто така се согласи со колешката Зорица Павловиќ , и воедно кажа дека со оглед дека веќе се води

кривична постапка смета дека во конкретниот случај треба да се потврди одлуката на јавниот обвинител на РСМ.

Г-ѓа Светлана Жупаноска истакна дека ситуацијата е многу сериозна и дека како членови на Советот не треба да заземаат страна, туку да се разгледаат фактите и околностите кои се неопходни за да се одлучи по жалбата. Кажа дека околностите и доказите во кривичната постапка да се остават на надлежниот јавен обвинител да ги цени и да го реши случајот, додека Советот да се сконцентрира на оние околности, а тоа е дали е правилно решението на јавниот обвинител на РСМ и дали има услови за донесување на ваква одлука, поточно суспензија додека трае постапката. Понатаму кажа дека презумпцијата на невиност треба да се почитува се додека не се докаже спротивното, дека е битно тоа што истрагата е отворена за кривично дело кое е сторено на работно место и не се работи за некое друго кривично дело кое не е поврзано со работата, дека пријавителите-оштетените се вработени во стручната служба на ВЈО Скопје каде јавниот обвинител е шеф, а со оглед на неговата надредена положба како шеф оправдан е стравот доколку не биде оддалечен од функцијата додека трае кривичната постапка дека ќе може тоа лошо да влијае на самата постапката и на функционирањето на вишото јавно обвинителство. Се надева дека кривичната постапка ќе заврши што побрзо за да нема други негативни реперкусии како за јавниот обвинител против кого се води постапката така и за пријавените како оштетени. Од тие причини смета дека треба да се потврди одлуката за суспензија на јавниот обвинител.

Г-ѓа Марјана Илиеска исто така е со мислење дека треба да се потврди одлуката на јавниот обвинител на РСМ, имајќи во предвид дека од доставеноите списи видно е дека има изјави од оштетени кои што дале свои искази во однос на однесувањето на вишиот јавен обвинител за да по кратко време изјавите биле повлечени, тоа лично сметам дава сомнеж дека би можело да има некакво влијание од страна на вишиот јавен обвинител на текот на постапката. Затоа сметам дека најдобро е да се сочека исходот на кривичната постапка, а потоа да се донесе законита одлука.

Г-дин Ермон Незири кажа дека станува збор за кравно неблагодарна ситуација за Советот. Лично кажа дека за него ова е времена мерка, дека постојат законски одредби. Какжа дека како член на Советот и јавен обвинител не би сакал да завзема страна, туку да постапува согласно законот и кажа дека според него е неспорна одредбата времено одалечување од функцијата јавен обвинител се додека трае кривичната постапка се заради утврдување на фактичката состојба. Се надева дека сите страни во постапката ќе успеат да ги докажат своите аргументи и дека Советот ќе донесе одлука согласно законот.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека како Совет ома сериозна законска овбврска да се постапи по жалбата на вишиот јавен обвинител, да зе зема во предвид сите аспекти за да се донесе законита одлука. Воедно смета дека треба да се потврди одлуката-решението на јавниот обвинител на РСМ, а жалбата на вишиот јавен обвинител да се одбие.

Откако никој не зема збор јавноста беше повикана да се врати и земе учество на седницата.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска предложи да се пристапи кон гласање.

Збор зема г-ѓа Кети Петкова која кажа дека јавноста не присуствувала кога било дебатирано и дека за разлика од останатите членови таа имала поразлично мислење и дека најголемите забелешки во извештаите на Европската комисија се однесувале на нетранспаретноста на Советот и воедно кажа дека би сакала да го образложи своето гласање.

Од страна на членовите на Советот беше одлучено првин да се стапи кон гласање, а потоа свое излагање даде членот на Советот г-ќа Кети Петкова.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димиттриеска го стави на гласање предлогот одлуката на Јавниот обвинител на РСМ заведена под ДОВ бр.49-2 /24 од 11.11.2024 година, со која вишиот јавн обвинител на Вишото јавно обвинителство Скопје г-дин Мустафа Хајрулахи се одалечи од вршењето на функцијата јавен обвинител сметано од 11.11.2024 година, за време додека трае кривичната постапка да се потврди, а жалбата на вишиот јавен обвинител Мустафа Хајрулахи да се одбие како неоснована.

Беше констатирано дека седум члена гласа ЗА да се потврди одлуката на Јавниот обвинител на РСМ и еден глас ПРОТИВ.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ донесе решение со кое решението на Јавниот обвинител на РСМ заведено под ДОВ бр.49-2/24 од 11.11.2024 година со кое се одалечува вишиот јавен обвинител Мустафа Хајрулахи од вршњето на функција јавен обвинител во Вишото јавно обвинителство Скопје се потврди, а жалбата на вишиот јавен обвинител Мустафа Хајрулахи против ова решение да се одние како неосновано.**

Откако се заврши со гласањето збор зема г-ѓа Кети Петкова даде свое образложение за своето гласање. Истакна дека настанала контраверзна ситуација во која што во нејзината целокупна 30 години кариера до сега се нема соочено. Кажа дека не знае дали да биде среќна што Јавниот обвинител на РСМ почнал со брзина на светлината да постапува по кривичните пријави и во рок од 5 дена од поднесена привајa спроведува истрага, или пак да биде загрижена што јавниот обвинител на РСМ кој согласно законот е најголемата гаранција на спроведување на законите почитувајќи го уставот истиот флангрантно го крши, како и Законот за јавното обвинителство на начин што без пардон користејќи ја својата хирархиска моќ задира директно во правата и самостојноста на јавните обвинители. Истакна дека од формален аспект постоењето о водењето на кривичната постапка значи по правило суспендирање на јавниот обвинител против кој се води постапката. Меѓутоа како Совет кој што ја гарантира самостојноста и независноста на јавните обвинители освен формалниот аспект треба истиот да се занимава и со актот што претходел на дејствијата што претходеле на оваа постапка бидејќи смета дека не е допустливо повод за донесување на вакво решение да биде кривична пријава доставена од страна на вработени за малтретирање во службата до кое сознание Јавниот обвинител на РСМ дошол уште во месец јули и тогаш тоа за него не било кривична пријава,

за да покасно истата кривична пријава стане битна за да се суспендира вишиот јавен обвинител. Потенцира дека станува збор за јавен обвинител на едно од најголемите јавни обвинителства во РСМ и тоа ВЈО Скопје, и лично смета дека со таквиот акт и тајмингот кога е дојдено до оваа кривична пријава и што е причината за истата, кажа дека Јавниот обвинител на РСМ самиот врши поголема злоупотреба отколку што наводно направил злоупотреба вишиот јавен обвинител Мустафа Хајрулахи. Смета дека начинот на кој се констатира повредата што ја прави јавниот обвинител е децидно определена во Законот за јавното обвинителство и дека не е случајно што голем дел од тој закон во повеќе глави се определени дисциплинските повреди, дисциплинската постапка начинот на кој што секој јавен обвинител хирархиски поставен може да поднесе кривична пријава доколку некој јавен обвинител смета дека направил тешка дисциплинска повреда што всушност консумира и некое кривично дело и дополнително се поднесува кривична пријава. Кажа дека историјата до сега паметела многу суспендирани јавни обвинители, кои покасно биле и разрешени каде што можеби биле и оправдани дејтвијата на јавниот обвинител кога ја иницирал постапката , меѓутоа сега за прв пат во историјата на ваков начин на мала врата се отвара преку поднесување на кривична пријава поднесена од група оштетени да се дојде до суспензија на јавен обвинител . Кажа дека тоа значи дека ќе му се даде право на Јавниот обвинител на РСМ да ги суспендира сите државни органи, сите луѓе кои што се поставени на прво места доколку на некој не му се допаднат. За крај поради својата свест и почитивање на законот заврши со цитат на Мартин Нимулер од неговата поема " Прво дојдоа" каде што кажал кога дојдоа комунистите не се загрижил бидејќи не бев комунист, кога дојдоа по евреите не се расправав бидејќи не бев евреин, кога дојдоа синдикалците, а јас не кажав ништо бидејќи не бев синдикалец, а кога дојдоа по мене немаше кој да реагира.

Под точка разно никој од члеовите на Советот не зема збор, по што претседателот на Советот ја заклучи шесттата седница на Советот .

Записникот го водел
Генерален Секретар
Аспарух Мисајовски

СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Претседател,
Душица Димитриеска